

Македонски учесници во Шпанската граѓанска војна

Трифун Бузев (28. VIII 1889 - 23. VI 1966) е македонски револуционер, учесник во Шпанската граѓанска војна. Бил печалбар во САД. Таму станал активист и раководител во синдикалното движење, а потоа и член на Комунистичката партија на САД (1924). Заедно со други тамошни сонародници од Македонија, заминал за Шпанија (10. I 1937) и станал доброволец во XV интернационална бригада на Републиканската армија. Познат под псевдонимит Трајко; Трпко, учествувал во борбите на 6 фронта, а дури петпати бил рануван (во борбите на Брунети и др.). Добил воен чин поручник, а по ранувањата извршувал санитетски должности. По Ослободувањето дошол да живее во Скопје (јануари 1947).

Трифун Петров Бузев е роден на 28 август 1889 година во Воден, Егејскиот дел на Македонија. Учествувал во македонското револуционерно движење. Во времето на Балканските војни дезертирал од турската армија и преку Солун заминал во САД.

По доаѓањето прво во Кливленд, а потоа во Њујорк, работел како текстилен работник. Активно се вклучил во работничкото движење и станал активист и раководител во синдикалното движење. До 1917 година бил член на Социјалистичката партија на Америка, а потоа на Индустриските работници на светот. Во 1924 година станал член на Комунистичката партија на САД, поради што често бил апсен. Трифун Бузев како комуниста минал во затвори и логори вкупно 6 години и завршил двогодишен курс во партиската школа на КП на САД.

По започнувањето на Шпанската револуција во летото 1936 година на страната на шпанската републиканска влада застанаа СССР и левичатските поддржувачи од целиот свет. Во одбрана на рапубликанската влада за време на Шпанската граѓанска војна (17.06.1936 – 1.04.1939), која беше нападната од војската и десно-ориентираните формации предводени од Франциско Франко, а поддржани од фашистичките држави Германија на Хитлер и од Италија на Мусолиниа, се вклучија голем број доброволци од цел свет, меѓу кои и голем број Македонци.

На страната на Републиката се бореле 137 Македонци, од сите три дела на поделена Македонија, како и од дијаспората. Помеѓу нив се Алексо Демниевски - Бауман , Цветк о Узуновски
,
Ганчо Хаџипанзов
,
Елисие Поповски
,
Спас Банџов
,
Трајко Мишковски
,
Иван Дојчинов
,
Боро Поцков
,
Трифун Бузев
и др.

Трифун Петров Бузев заедно со други сонародници од Македонија, заминал од САД за Шпанија на 10 јануар 1937 година и станал доброволец во XV интернационална бригада на Републиканската армија. Познат под псевдонимит Трајко Трпко, Бузев учествувал во борбите на 6 фронта, а дури петпати бил рануван (во борбите на Брунети и др.).

Добил воен чин поручник, а по ранувањата извршувал санитетски должности. По завршувањето на војната во 1939 година, Трифун Бузев се повлекува со последните републикански одреди, по што се нашол во логор во Франција, од каде што успеал да избега и се вратил во САД.

По ослободувањето на земјата и завршувањето на Втората светска војна, Трифун дошол да живее во Скопје во јануари 1947 година.

Трифун Бузев починал на 23 јуни 1966 година во Скопје.

Македонски учесници во Шпанската граѓанска војна